Дневни билтени

2015

Февруари
Март
April
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 03.08.2021

На 02.08.2021 во 18.00 часот на подрачјето на Полициската станица Гази Баба од слобода била лишена М.И.(42) од Скопје, бидејќи кај неа бил пронајден хероин. По целосно документирање на случајот против М.И. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.08.2021 околу 22.30 час на ул.„Кленоец" во Охрид, кај поранешната касарна, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје Охрид кај Л.З.(19) од Скопје пронашле марихуана, а кај Л.О.(30) од Битола пронашле таблета. Против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 02.08.2021 во 14.30 часот на подрачје на Полициската станица Гази Баба од слобода бил лишен 17-годишник од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.08.2021 во 10.50 часот на Граничен премин „Белановце", поради основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" од слобода била лишена А.А.(40) од Република Србија. Лицето било предадено во Полициската станица Куманово за понатамошна постапка.

На 02.08.2021 во Полициската станица Струга биле приведени и задржани А.Т.(34) од Република Албанија, поради основано сомнение за сторено кривично дело „разбојничка кражба" и Х.Ш.(49) од Република Албанија, поради основано сомнение за сторени кривични дела „кражба" и „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". По целосно документирање против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.08.2021 во 20.10 часот на Граничен премин „Долно Блаце", при извршена контрола на лицето Е.М.(35) од Косово, кој управувал патничко моторно возило „форд", било констатирано дека возилото е предмет на потрага. Лицето и возилото биле предадени во Полициска станица Чаир за понатамошна постапка.

Денеска (03.08.2021), во периодот од 05.00 до 08.00 часот, на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 29 прекршоци. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 2 останати прекршока.

Секторот за внатрешни работи Струмица денеска (03.08.2021), во периодот од 05.00 до 08.00 часот, презеде засилени мерки за санкционирање на возачи кои управуваат моторни возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 13 пречекорувања на брзината и за сите биле изречени соодветни санкции.

На 02.08.2021 околу 16.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на регионалниот пат Скопје – Тетово, пред крстосницата со локалниот пат кој води кон с.Бојане, скопско, патничко возило „бмв", со англиска национална ознака, управувано од Е.Б.(32) од Англија, излетало од патот. Во незгодата, сопатниците И.Б.(66) од с.Палиград, скопско, и С.Ч.(27) од с.Рашче, скопско, двајцата со живеалиште во Англија, се здобиле со тешки телесни повреди, а со телесни повреди се здобиле возачот и двајца малолетни сопатници од Англија, констатирани во Ургентен центар при Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 02.08.2021 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 215 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 142 санкции, 23 за возење без возачка дозвола, 10 за возење под дејство на алкохол. Изречени се шест мерки за некористење сигурносен појас, седум за прекршоци што си чинат возачите на мотоцикли.

На 02.08.2021 околу 19.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локалниот пат Куманово – с.Четирце, на место викано „Бизина маала", Д.Ј. од Куманово, управувајќи мотоцикл „јамаха", со кумановски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал надвор од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Д.Ј., а со телесни повреди се здобила сопатничката Е.Ј., исто така од Куманово, констатирани во Општа болница Куманово. Извршен бил увид од екипа на СВР Куманово.

На 02.08.2021 околу 19.00 часот во СВР Велес било пријавено дека на ул.„Вардарска" во Велес, мопед „апн 4", со велешки регистарски ознаки, управуван од Ѓ.Р.(78) од Велес, излетал од коловозот. Во незгодата, Ѓ.Р. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Велес. Бил извршен увид на местото на незгодата.

На 01.08.2021 околу 13.00 часот во СВР Велес, Е.М.(35) од Велес пријавила дека на ул.„Кресненско востание" во Велес нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 02.08.2021 во 01.30 часот на улица „Душан Јовески" во Кичево, полициски службеници го лишиле од слобода Х.Д.(27) од селото Колибари, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.08.2021 во 12.00 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", при извршени проверки било констатирано дека Е.И.(38) од Скопје приложила фалсификувани ПЦР тестови за неа и нејзините три малолетни деца, државјани на Австрија. Исто така, при извршени проверки било констатирано дека Љ.М.(31) од Куманово, со австриско државјанство, приложила фалсификуван ПЦР тест. Лицата биле задржани во Полициската станица за Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје" и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 02.08.2021 во 09.45 часот, при контрола во атарот на кичевското село Грешница, полициски службеници сопреле патничко возило „фолксваген голф", со кичевски регистарски ознаки, управувано од А.И.(37) од Кичево. Притоа, било констатирано дека во возилото нелегално се превезува огревно дабово дрво, кое било одземено и предадено на Шумската полиција во Кичево. По целосно документирање, ОВР Кичево ќе поднесе соодветна пријава.

На 02.08.2021 во периодот од 08.00 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 63 прекршоци, од кои 29 на подрачјето на Штип, 10 Виница, 10 Берово, 7 Свети Николе, 4 Делчево и 3 Кочани. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 9 останати прекршоци.

На 02.08.2021 во 14.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека од спој на жици настанал пожар на улица „74" во с.Горно Соње, скопско, во куќа сопственост на Д.Н.(71), при што биле опожарени и помошна просторија и патничко возило „алеко", со скопски регистарски ознаки. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен е увид на местото на настанот.

На 02.08.2021 околу 16.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, полициски службеник пријавил дека на ул.„7" во с.Горно Соње, скопско, при преземање на службени дејствија, бил каснат од куче скитник.

На 02.08.2021 во 15.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Долно Лисиче, скопско, настанал пожар во кој горела сува трева и овошки од расадникот, сопственост на Земјоделски факултет – Скопје, а била зафатена и плевна сопственост на Г.И.(48) од Скопје и товарно возило во движење „застава", со скопски регистарски ознаки. Возачот А.А.(26) и неговата мајка К.А.(50), двајцата од Скопје, се здобиле со повреди и биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје за укажување на лекарска помош. Исто така, од пожарот била зафатена и куќа сопственост на Д.П.(60). Пожарот е изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 02.08.2021 во 09.50 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Идризово било пријавено дека починал затвореникот Н.А.(31) од Куманово. Лекар констатирал смрт без траги на насилство. Извршен бил увид на местото на настанот, а по наредба на Јавен обвинител телото било дадено за обдукција.

На 02.08.2021 околу 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Анри Барбис" во Скопје настанал пожар во маркет, кој бил затворен. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 02.08.2021 од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода П.М.(36) од Скопје. Постапувајќи по пријава дека во близина на Градска општа болница „8 Септември" била пронајдена почината В.М.(59) од Скопје, полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека околу 00.30 часот В.М. била пронајдена со повреди во с.Волково, по што била пренесена во Градска општа болница „8 Септември" за укажување на лекарска помош, но самостојно ја напуштила болницата. По преземени мерки било утврдено дека таа била физички малтретирана од синот П.М., но не сакала да пријави. По наредба на Јавен обвинител телото било предадено за обдукција.

На 03.08.2021 во 03.30 часот Полициската станица Дебар било пријавено дека три лица физички го нападнале М.А. во неговиот дом во Дебар, кои носеле и огнено оружје. Извршен бил увид на местото на настанот. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет